20260290421

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 253/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 февруари 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се врши распределба на средствата за поттикнување рамномерен регионален развој во Република Северна Македонија, утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, во Раздел 28001 - Биро за регионален развој, Потпрограма ОА Рамномерен регионален развој, ставка 488-Капитални дотации до Единиците за локална самоуправа, во износ од 143.088.000 и ставка 489-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 5.885.000 денари, во вкупен износ од 148.973.000 денари.

Член 2

Средствата од членот 1 од оваа програма се користат за:

| | |
|---|---|
| 1. Финансирање на проекти за развој на планските региони | 81.545.150,00 денари |
| 2. Финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби | 22.345.950,00 денари |
| 3. Финансирање на проекти за развој на селата | 22.345.950,00 денари |
| 4. Финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја | 22.345.950,00 денари |
| 5. Исплата на придонесите за пензиско-инвалидско и здравствено осигурување за лица кои имаат стекнато право на плаќање | 390.000,00 денари |
| ВКУПНО: | 148.973.000,00 денари |

Член 3

Средствата од член 2 точка 1 од табелата од оваа програма во износ од 81.545.150,00 денари ќе се користат за финансирање на проекти за развој на планските региони, согласно член 38 од Законот за рамномерен регионален развој (*).

Член 4

Средствата од член 2 точка 2 од табелата од оваа програма во износ од 22.345.950,00 денари ќе се користат за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби, согласно член 47 од Законот за рамномерен регионален развој (*).

Член 5

Средствата од член  2 точка  3 од табелата од оваа програма во износ од 22.345.950,00 денари ќе се користат за финансирање на проекти за развој на селата, согласно член 48 ставовите (1), (2), (4), (5), (6), (7) од Законот за рамномерен регионален развој (*).

Член 6

Средствата од член 2 став 1 точка 4 од табелата од оваа програма во износ од 22.345.950,00 денари ќе се користат за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја, согласно член 48 ставовите (1), (2) и (3) од Законот за рамномерен регионален развој (*).

Член 7

Средствата од член 2 точка 5 од табелата од оваа програма во износ од 390.000,00 денари ќе се користат за исплата на придонесите за пензиско инвалидско и здравствено осигурување за лицата кои имаат стекнато право на плаќање заклучно со 31 декември 2007 година, согласно член 87 од Законот за рамномерен регионален развој (*).

Член 8

Средствата од член 2 од оваа програма ќе се одобруваат согласно утврдените принципи, цели и приоритети на регионалниот развој во Република Северна Македонија и дефинираните мерки, инструменти и финансиски и други средства за нивна реализација утврдени со Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија, Програмата за развој на планските региони, стратешките документи на општините и подзаконските акти за спроведување на Законот за рамномерен регионален развој (*).

Член 9

Следење на користењето на средствата од член 2 од оваа програма врши Бирото за регионален развој.

Член 10

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-1050/5
10 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.